# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВНАТРЕШНАТА ПЛОВИДБА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.193 од 06.11.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за внатрешната пловидба („Службен весник на Република Македонија" број 55/2007, 26/2009, 22/10, 23/11, 53/11, 155/12, 15/13, 137/13, 163/13, 42/14, 166/14 и 146/15), во членот 70-г став 3 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „за што министерот за транспорт и врски определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот."

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

„На одговорното лице од ставот 3 на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за транспорт и врски донесува решение.

За полагање на испитот од членот 70 од овој закон може да се одржат најмногу пет испитни сесии во годината."

**Член 2**

Во членот 70-д став 2 се менува и гласи:

„Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Министерството за транспорт и врски и Јавниот радиодифузен сервис."

По ставот 5 се додаваат четири нови става 6, 7, 8 и 9, кои гласат:

„Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за транспорт и врски најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија."

**Член 3**

Во членот 70-ѓ став 6 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и му се изрекува забрана за полагање на испитот од членот 70 од овој закон во траење од три години, за што Министерството за транспорт и врски донесува донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението."

**Член 4**

Во членот 70-ј став 2 зборовите: „еднаш годишно" се заменуваат со зборовите: „двапати годишно".

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања, Комисијата од ставот 1 на овој член, одлучува најмалку 30% од прашањата да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови од базата на прашања."

**Член 5**

Во членот 74-б став 3 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „за што министерот за транспорт и врски определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот."

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

„На одговорното лице од ставот 3 на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за транспорт и врски донесува решение."

За полагање на испитот од членот 74-а од овој закон се одржува една испитна сесија во годината."

**Член 6**

Во членот 74-в став 2 се менува и гласи:

„Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Министерството за транспорт и врски и Јавниот радиодифузен сервис."

По ставот 5 се додаваат четири нови става 6, 7, 8 и 9, кои гласат:

„Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио френквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за транспорт и врски најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија."

**Член 7**

Во членот 74-г став 6 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и му се изрекува забрана за полагање на испитот од членот 74-а од овој закон во траење од три години, за што Министерството за транспорт и врски донесува донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението."

**Член 8**

Во членот 74-ѕ во ставот 2 по зборовите „учествува и" се додаваат зборовите „претставник од Владата на Република Македонија и".

Ставот 3 се менува и гласи:

„Комисијата од ставот 2 на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитите од членовите 70 и 74-а од

овој закон, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитите од членовите 70 и 74-а од овој закон, за што доставува извештај до министерот за транспорт и врски.”
По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:
„На членовите на комисијата од ставот 2 на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата во Република Македонија, за што Министерството за транспорт и врски донесува решение.‟
Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 5 и 6.

**Член 9**

Во членот 74-и став 2 зборовите: „еднаш годишно‟ се заменуваат со зборовите: „двапати годишно‟.
По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:
„Врз основа на извршената ревизија и ажурирање на базите на прашања, Комисијата од ставот 1 на овој член, одлучува најмалку 30% од прашањата да бидат изменети или целосно отстранети и заменети со нови од базата на прашања.‟

**Член 10**

По членот 303-в се додава нов член 303-г, кој гласи:

**„Член 303-г**

,,Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице од членот 70-г став 3 и членот 74-б став 3 кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови за полагање на испитите од членот 70 став 4 и членот 74-а став 3 од овој закон.
Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот, доколку не го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот согласно со членот 70-д став 6 и членот 74-в став 6 од овој закон.
Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот, доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Министерството за транспорт и врски и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата на Министерството за транспорт и врски согласно со членот 70-д став 3 и членот 74-в став 3 од овој закон.
Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на членот на Комисијата од членот 70 став 4 и членот 74-а став 3 од овој закон, доколку постапи спротивно на членот 70-ѓ став 8, односно членот 74-г став 8 од овој закон.
Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на овластената институција која го спроведува испитот од членовите 70 и 74-а од овој закон, доколку не го прекине испитот согласно со членот 70-ѓ ставови 4 и 5 и членот 74-г ставови 4 и 5 од овој закон.
Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на членовите на Комисијата од членот 70 став 4 и членот 74-а став 3 од овој закон, ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на членот 70-ѓ ставови 2 и 3, односно членот 74-г ставови 2 и 3 од овој закон.
Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој го полага испитот од членовите 70 и 74-а од овој закон, доколку постапува спротивно на членот 70-ѓ ставови 2 и 3, односно членот 74-г ставови 2 и 3 од овој закон.

Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на комисијата од членот 74-ѕ став 2 од овој закон, доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот од членот 70 став 4 и членот 74-а од овој закон, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот за транспорт и врски согласно со членот 74-ѕ став 3 од овој закон."

**Член 11**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за внатрешната пловидба.

**Член 12**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".